Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 ноември 2023 година

Скопје, ноември 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 7 ноември 2023 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Христина Оџаклиевска, министер за животна средина и просторно планирање, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација како и Неби Реџепи, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*
*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред**

**-Усвојување на Записникот од 197-та тематска седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 31 октомври 2023 година**

**-Усвојување на Записникот од 195-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 октомври 2023 година**

- Информација за доставување на Акциските документи за Годишната акциска програма за 2024 година и Секторските оперативни програми за периодот 2023-2024 до Европската комисија, по спроведена проценка на зрелост, со прилози

- Информацијата за формирање на Структура за имплементација на Планот за раст за земјите од Западен Балкан најавен од страна на Европската комисија

1. Информација за промена на динамиката на плаќање за проектите „Реконструкција на пливачки базен во Општина Струга“, „Реконструкција на спортска сала Партизан, Општина Карпош“ и „Поставување/изградба на 15 фитнес зони“

2. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (Имотен лист бр.15753, КП 1676/1, КО Центар 2), со Предлог-одлука

3. Информација по Годишниот план за вработување за 2023 година, со дополнување и Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, Предлог-одлука за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“

ДООЕЛ Скопје и Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје

5. Барање од Националното здружение „Храбро срце“ во име на пациентите со механичка циркулаторна потпора на срце

6. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање и проектот-Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места

7. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

8. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје)

9. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за продажба на движни ствари

10. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Национална установа Библиотека „Григор Прличев“-Охрид)

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за финансии-Државен девизен инспекторат

12. Предлог-одлуки за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и Предлог-одлука за продажба на деловни простории дадени на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје (КП бр. 477, КО Претор, запишан во Имотен лист бр. 379)

13. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор

14. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор

15. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор

16. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор

17. Предлог-одлука за давање согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија, со дополнувања

18. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

19. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.02)

20. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела

21. Предлог-одлука за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање во Општина Чешиново-Облешево

22. Предлог-одлука за давање согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со подавка преку нотар во Општина Чешиново-Облешево

23. Предлог-одлука за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со подавка преку нотар во Општина Чешиново-Облешево

24. Предлог-одлука за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела ( ГП 1.09)

25. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

26. Извештај за извршените преговори на македонско-украинската Мешовита комисија за меѓународен патен сообраќај, одржани од 13.6.2023 до 14.6.2023 година во Скопје, со усогласен текст на Протокол

27. Информација за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-кварцит на локалитетот „Црн Врв“, Општина Пробиштип и Општина Кратово, со Предлог-решение

28. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сириус, Струмица, со Предлог-решение

29. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Голд делукс-Скопје, со Предлог-решение

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни намени, КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за сообраќајна инфраструктура во с.Јакреново и с.Саждево, КО Саждево со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на делница од Старо Коњарево до Ново Коњарево како дел од државен пат Р1402(Р-605) КО Ново Коњарево, КО Ново Коњарево-вонград, КО Старо Коњарево и КО Старо Коњарево-вонград, Општина Струмица, со Предлог-одлука

33. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Изградба на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење за н.м Тремник, Општина Неготино“

34. Информација за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на резервоар за вода за пиење за н.м. Теарце, Општина Теарце“

35. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и изградба на тротоари на дел од улицата „Кочо Рацин“ во Општина Пробиштип, со текст на Договор

36. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечките мостови во централното градско подрачје-Соларски мост во Општина Крива Паланка, со текст на Договор

37. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Основен проект за изградба на локални улици во с.Чифлик, Основен проект за изградба на улица бр.3 во с.Умлена, Основен проект за изградба на улици во с.Робово, сите во Општина Пехчево, со текст на Договор

38. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и адаптација на подрумски простор во зградата на Национална опера и балет за потребите на НУ Џез оркестар на Северна Македонија во Скопје, со текст на Договорот

39. Информацијa во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечките мостови во централното градско подрачје-Градечки мост во Општина Крива Паланка, со текст на Договор

40. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Доводен цевковод на индустриска зона „Петилеп" и Изградба на главен доводен цевковод за водоснабдување на селата Беранци, Д.Српци, Ивањевци, Св. Тодори, Трновци, Вашарејца и Лознани во Општина Могила, со текст на Договор

41. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Реконструкција на улица с.Војшанци во должина од 250 метри во Општина Неготино", со текст на Договор

42. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Модернизација и проширување на терминал на Аеродром Охрид", со текст на Договор

43. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за инфраструктура за водоводна мрежа за дел од град Крушево, со текст на Договор

44. Информација во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект-Реконструкција на дел од улица Планинска во Општина Кратово, со текст на Договор

45. Информација во врска со склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Спортска сала с.Јаболчишта во Општина Чашка", бр.09-7406/1 од 8.7.2021 година, со текст на Анекс бр.1

46. Информација за ажурирање на Програмата на зелени градови на Европската банка за обнова и развој, поддржана од Зелениот климатски фонд, со прилози

47. Информација во врска со потребата од издавање на писмо без приговор или no objection letter за „Финансиски инструмент за опрема за ладење (ФП177), проект поддржан од Зелениот климатски фонд, со прилози

48. Информација за „Изработка на проектна документација и изградба на фотонапонска централа“

49. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи

50. Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јануари-30 јуни 2023 година, со прилози

51. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2022 година

52. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Грин бокс култивација ДОО Скопје, со Предлог-одлука

53. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Зоотехника и агроменаџмент“ на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение

54. Информација за потребата од дополнителни средства за исплата на режиски трошоци на ученичките и студентските домови

55. Предлог-одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното општинско училиште „Никола Карев“, Струмица

56. Предлог-одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“, Велес

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (за потребите на ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ ц.о.Скопје) и Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (за потребите на ООУ „26 Јули“, Шуто Оризари-Скопје)

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зелениково (за потребите на ООУ „Марко Цепенков“-Станица, Зелениково)

59. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (таблети)

60. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (таблети)

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (таблети)

62. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (таблети)

63. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (таблети)

64. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (таблети)

65. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (таблети)

66. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (таблети)

67. Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување за дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик проф. д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на кардиологијата

68. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје-Скопје од областа на дијабетологијата

69. Барање за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за пожарникарството-пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр.168/17), поднесено од градоначалникот на Општина Гевгелија

70. Финансиски план за изменување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2023 година со дополнување на средства

71. Извештај на ректорот за работата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за период од мај 2022 година до април 2023 година

72. Иницијатива поднесена од Зоран Димовски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.155/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став (1) во делот „кој не може да биде пократок од 25 години“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22)

73. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.174/23, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/13)

74. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3134 за КО Глуво Бразда, на КП бр.3300, викано место/улица „Кремењача“

75. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1458 за КО Велгошти, на КП бр.1453/2, викано место/улица „Село“

76. Понуда од нотар Богданка Бакаловска од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 7615, за КО Ресен, на КП бр.5312 и КП бр.5313, викано место/улица „Х. Герасовски“

77. Понуда од нотар Цеца Малева-Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.602, за КО Миравци на КП бр.6342

78. Понуда од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 15965, за КО Штип 4, на КП бр.10396, дел 2 и дел 3, викано место/улица „Каваклиски Рид“

79. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.486, за КО Визбегово на КП бр.907/1, викано место/улица „Село“

80. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103638, за КО Бутел на КП бр.3932

81. Кадровски прашања

82. Прашања и предлози

83. Информација за статусот на реализација на проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и ЦИТЕС“

84. Информација за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух

85. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје за период од 1.1.2023 до 31.3.2023 година

86. Тримесечен извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје, за период од 1 април 2023 година до 30 јуни 2023 година

87. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година

88. Извештај за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за период од 1.1.2023 до 30.6.2023 година

89. Извештај за извршени преговори за усогласениот текст на Меморандум за соработка за воспоставување на железничка мрежа со високи перформанси меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија

90. Записник од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 6 ноември 2023 година, со Записникот од Деветтата седница на Групата за процена, одржана на 3 ноември 2023 година и предлог-одлуки

91. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на меѓународни правни застапници по повод поведени арбитражни постапки против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови ICSID Case No. ARB/23/31 и ICSID Case No. ARB/23/35, како и за арбитражната постапка No. 27755/HBH покрената против Министерството за здравство од страна на АД Бетон Скопје, со прилози

92. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори во врска со преземени процесни дејствија и промена на арбитерот од страната на тужениот во арбитражната постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH

93. Информација во врска со потребата од доставување на Писмо за развојни политики до Светска банка , со усогласен текст на Писмо за развојни политики

94. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин-Табановце, по скратена постапка

95. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции, по скратена постапка

96. Извештај за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан, со усогласен текст на Меморандум

97. Информација во врска со донесување на Решение за формирање на Комисија за подготвување, организирање и спроведување на постапка за избор на универзален снабдувач, со Предлог-решение

98. Информација во врска со одржување на седница на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажана за 13 ноември 2023 година

99. Програма за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2023 година

100. Информација за усвојување на текстот на Техничкиот аранжман меѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Италијанската Република за воздушно патролирање Air Policing во SKOPJE FIR-воздухопловен информативен регион Скопје

101. Информација за потребата од обезбедување дополнителни средства за кофинасирање на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион“

102. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало

*

*   *

**Пред преминување на Дневен ред:**

Владата без забелешки ги усвои записниците од 197-та тематска седница, одржана на 31 октомври 2023 година и Записникот од 195-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 октомври 2023 година.

*

*   *

- **Информација за доставување на Акциските документи за Годишната акциска програма за 2024 година и Секторските оперативни програми за периодот 2023-2024 до Европската комисија, по спроведена проценка на зрелост, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на акциските документи за Годишната акциска програма за 2024 година и секторските оперативни програми за периодот 2023-2024 до Европската комисија, по спроведена проценка на зрелост, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 2.895.000 евра за спроведување на активностите во рамки на ИПА 2024 Годишната акциска програма.

2. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 9.668.039 евра за спроведување на активностите во рамки на Секторската оперативна програма за работни места и можности 2024-2027 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 43.301.000 евра за спроведување на активностите во рамки на Секторската оперативна програма за транспорт.

4. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди националното кофинансирање во износ од 19.300.000 евра за спроведување на активностите во рамки на Секторската оперативна програма за животна средина.

- **Информација за формирање на Структура за имплементација на Планот за раст за земјите од Западен Балкан најавен од страна на Европската комисија**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Структура за имплементација на Планот за раст за земјите од Западен Балкан најавен од страна на Европската комисија, ја усвои и ги задолжи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, министерот за финансии, министерот за внатрешни работи, министерот за правда, министерот за економија, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за транспорт и врски, министерот за труд и социјална политика, министерот за образование и наука, министерот за информатичко општество и администрација и директорот на Царинската управа да доставаат номинации на еден до двајца претставници на експертско ниво, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 10 ноември 2023 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамиката на плаќање за проектите „Реконструкција на пливачки базен во Општина Струга", „Реконструкција на спортска сала Партизан, Општина Карпош" и „Поставување/изградба на 15 фитнес зони" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Одобри промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор за „Реконструкција на пливачки базен во Општина Струга", со следниов начин и динамика на плаќање:

• 2021 година 4.061.738,00 денари,

• 2022 година 41.282.000,00 денари и

• 2023 година 53.600.756,00 денари.

2. Одобри промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор за „Реконструкција на спортска сала Партизан, Општина Карпош", со следниов начин и динамика на плаќање:

• 2022 година 26.700.000,00 денари,

• 2023 година 47.142.420,00 денари и

• 2024 година 4.223.290,00 денари.

3. Одобри промена на динамиката на реализација и плаќање на обврските од склучениот Договор за „Поставување/изградба на 15 фитнес зони", со следниов начин и динамика на плаќање:

• 2023 година 30.000.000,00 денари и

• 2024 година 14.950.065,00 денари.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (Имотен лист бр.15753, КП 1676/1, КО Центар 2), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата по Годишниот план за вработување за 2023 година, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје.

**Точка 4**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за зголемување на основната главнина на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје.

2. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје.

3. Даде Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

4. Даде Изјава за преземање на нов влог.

**Точка 5**

Владата го разгледа Барањето од Националното здружение „Храбро срце“ во име на пациентите со механичка циркулаторна потпора на срце, го прифати Барањето и ги донесе следниве заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за здравство веднаш да организира работна средба со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и со Националното здружение „Храбро срце“ во име на пациентите со механичка циркулаторна потпора на срце, во однос на дефинирање и појаснување на барањата од Здружението.

2.Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во рок од седум дена да направи финансиска и оперативна анализа во однос на барањата од Националното здружение „Храбро срце“ во име на пациентите со механичка циркулаторна потпора на срце и да одржат работна средба со Министерството за финансии на која ќе се разгледаат можностите за планирање и обезбедување на потребните средства во 2024 година и за истото да ја информираат Владата во рок од 14 дена.

## Точка 6

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Управен одбор на проектот-Самовработување со кредитирање и проектот-Кредитирање на правни субјекти (микро, мали и средни претпријатија) за отворање на нови работни места.

## Точка 7

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на деловен простор во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

## Точка 8

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија-Скопје).

## Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за продажба на движни ствари.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Национална установа Библиотека „Григор Прличев“-Охрид).

## Точка 11

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за финансии-Државен девизен инспекторат.

## Точка 12

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје (КП бр. 6666/10, КО Кисела Вода 2, запишан во Имотен лист бр. 55404).

2. Одлуката за продажба на деловни простории во сопственост на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје (КП бр. 477, КО Претор, запишан во Имотен лист бр. 378).

3. Одлуката за продажба на деловни простории дадени на трајно користење на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје (КП бр. 477, КО Претор, запишан во Имотен лист бр. 379).

**Точка 13**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

**Точка 14**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

**Точка 15**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

**Точка 16**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станбен простор наменет за продажба.

2. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор.

## Точка 17

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност на Тарифата на Централен регистар на Република Северна Македонија, со дополнувања и не ја донесе Одлуката.

## Точка 18

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, поради потребата Министерството за економија да достави мислење и Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достави ново мислење по материјалот.

## Точка 19

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела (ГП 1.02), поради потребата Министерството за економија и Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достават мислење по материјалот.

## Точка 20

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела, поради потребата Министерството за економија да достави мислење и Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достави ново мислење по материјалот.

## Точка 21

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на електронско јавно наддавање во Општина Чешиново-Облешево, поради потребата Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достави мислење по материјалот.

**Точка 22**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со подавка преку нотар во Општина Чешиново-Облешево, поради потребата Министерството за економија и Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достават мислења по материјалот.

**Точка 23**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со подавка преку нотар во Општина Чешиново-Облешево, поради потребата Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достави мислење по материјалот.

**Точка 24**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност со подавка преку нотар да се понуди градежно земјиште на кое Република Северна Македонија е сосопственик на најмалку 70 % од вкупната површина на градежната парцела на другите сосопственици на катастарските парцели од кои е формирана градежната парцела ( ГП 1.09), поради потребата Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да достави ново мислење по материјалот.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Министерство за финансии), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

**Точка 26**

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори на македонско-украинската Мешовита комисија за меѓународен патен сообраќај, одржани од 13.6.2023 до 14.6.2023 година во Скопје, со усогласен текст на Протокол и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за измени на Спогодбата

меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен превоз на патници и стока.

2. Се определува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за измени на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен превоз на патници и стока.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-кварцит на локалитетот „Црн Врв", Општина Пробиштип и Општина Кратово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-кварцит на локалитетот „Црн Врв", Општина Пробиштип и Општина Кратово.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Сириус, Струмица, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Голд де лукс-Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни намени, КО Ракотинци, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Б1-мали комерцијални и деловни намени, КО Ракотинци, Општина Сопиште.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за сообраќајна инфраструктура во с.Јакреново и с.Саждево, КО Саждево а, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за сообраќајна инфраструктура во с.Јакреново и с.Саждево, КО Саждево и КО Јакреново, Општина Крушево.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на делница од Старо Коњарево до Ново Коњарево како дел од државен пат Р1402(Р-605) КО Ново Коњарево, КО Ново Коњарево-вонград, КО Старо Коњарево и КО Старо Коњарево-вонград, Општина Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на делница од Старо Коњарево до Ново Коњарево како дел од државен пат Р1402(Р-605) КО Ново Коњарево, КО Ново Коњарево-вонград, КО Старо Коњарево и КО Старо Коњарево-вонград, Општина Струмица.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Изградба на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење за н.м Тремник, Општина Неготино“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2023 година и 2024 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на потисен цевковод и резервоар за вода за пиење за н.м Тремник, Општина Неготино“ и тоа:

-2.050.000,00 денари за 2023 година и

-16.350.000,00 денари за 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при

утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на резервоар за вода за пиење за н.м. Теарце, Општина Теарце“ и ја усвои со следниве заклучоци:

1.Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2023 година и 2024 година на Министерството за животна средина и просторно планирање, за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на резервоар за вода за пиење за н.м. Теарце, Општина Теарце“ и тоа за:

-2023 година 2.050.000,00 денари и
-2024 година 17.070.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање потребните средства да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија, за соодветните фискални години.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и изградба на тротоари на дел од улицата „Кочо Рацин“ во Општина Пробиштип, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и изградба на тротоари на дел од улицата „Кочо Рацин“ во Општина Пробиштип.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и изградба на тротоари на дел од улицата „Кочо Рацин“ во Општина Пробиштип.

3. Се препорачува на Општина Пробиштип да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и изградба на тротоари на дел од улицата „Кочо Рацин“ во Општина Пробиштип.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Соларски мост во Општина Крива Паланка, со текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Соларски мост во Општина Крива Паланка.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Соларски мост во Општина Крива Паланка.

3. Се препорачува на Општина Крива Паланка да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Соларски мост во Општина Крива Паланка.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Основен проект за изградба на локални улици во с.Чифлик, Основен проект за изградба на улица бр.3 во с.Умлена, Основен проект за изградба

на улици во с.Робово, сите во Општина Пехчево, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Основен проект за изградба на локални улици во с.Чифлик, Основен проект за изградба на улица бр.3 во с.Умлена, Основен проект за изградба на улици во с.Робово, сите во Општина Пехчево.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Основен проект за изградба на локални улици во с.Чифлик, Основен проект за изградба на улица бр.3 во с.Умлена, Основен проект за изградба на улици во с.Робово, сите во Општина Пехчево.

3. Се препорачува на Општина Пехчево да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Основен проект за изградба на локални улици во с.Чифлик, Основен проект за изградба на улица бр.3 во с.Умлена, Основен проект за изградба на улици во с.Робово, сите во Општина Пехчево.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и адаптација на подрумски простор во зградата на Национална опера и балет за потребите на НУ Џез оркестар на Северна Македонија во Скопје, со текст на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и адаптација на подрумски простор во зградата на Национална опера и балет за потребите на НУ Џез оркестар на Северна Македонија во Скопје.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и адаптација на подрумски простор во зградата

на Национална опера и балет за потребите на НУ Џез оркестар на Северна Македонија во Скопје.

3. Се задолжува Министерството за култура да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за реконструкција и адаптација на подрумски простор во зградата на Национална опера и балет за потребите на НУ Џез оркестар на Северна Македонија во Скопје.

4. Го определи Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Градечки мост во Општина Крива Паланка, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Градечки мост во Општина Крива Паланка.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Градечки мост во Општина Крива Паланка.
3. Се препорачува на Општина Крива Паланка да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект за реконструкција на огради и реновирање/тековно одржување на постоечки мостови во централно градско подрачје-Градечки мост во Општина Крива Паланка.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со

изведба на проектите-Доводен цефковод на индустриска зона „Петилеп“ и Изградба на главен доводен цевковод за водоснабдување на селата Беранци, Д.Српци, Ивањевци, Св. Тодори, Трновци, Вашарејца и Лознани во Општина Могила, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Доводен цефковод на индустриска зона „Петилеп“ и Изградба на главен доводен цевковод за водоснабдување на селата Беранци, Д.Српци, Ивањевци, Св. Тодори, Трновци, Вашарејца и Лознани во Општина Могила.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Доводен цефковод на индустриска зона „Петилеп“ и Изградба на главен доводен цевковод за водоснабдување на селата Беранци, Д.Српци, Ивањевци, Св. Тодори, Трновци, Вашарејца и Лознани во Општина Могила.

3. Се препорачува на Општина Могила да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектите-Доводен цефковод на индустриска зона „Петилеп“ и Изградба на главен доводен цевковод за водоснабдување на селата Беранци, Д.Српци, Ивањевци, Св. Тодори, Трновци, Вашарејца и Лознани во Општина Могила.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија како контакт лице за овој договор.

## <u>Точка 41</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот Реконструкција на улица с.Војшанци во должина од 250 метри во Општина Неготино, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот Реконструкција на улица с.Војшанци во должина од 250 метри во Општина Неготино.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот Реконструкција на улица с.Војшанци во должина од 250 метри во Општина Неготино.

4. Се препорачува на Општина Неготино да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот Реконструкција на улица с.Војшанци во должина од 250 метри во Општина Неготино.

5. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот „Модернизација и проширување на терминал на Аеродром Охрид", со текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект „Модернизација и проширување на терминал на Аеродром Охрид".

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект „Модернизација и проширување на терминал на Аеродром Охрид".

3. Се укажува на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија" во државна сопственост, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект „Модернизација и проширување на терминал на Аеродром Охрид".

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за инфраструктура за водоводна мрежа за дел од град Крушево, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за инфраструктура за водоводна мрежа за дел од град Крушево.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за инфраструктура за водоводна мрежа за дел од град Крушево.

3. Се препорачува на Општина Крушево да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Основен проект за инфраструктура за водоводна мрежа за дел од град Крушево.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на договор за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект-Реконструкција на дел од улица Планинска во Општина Кратово, со текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект-Реконструкција на дел од улица Планинска во Општина Кратово.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект-Реконструкција на дел од улица Планинска во Општина Кратово.

3. Се препорачува на Општина Кратово да го потпише Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на Проект за реконструкција на линиски инфраструктурен објект-Реконструкција на дел од улица Планинска во Општина Кратово.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Анекс бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проектот Спортска сала с.Јаболчишта во Општина Чашка, бр.09-7406/1 од 8.7.2021 година, со текст на Анекс бр.1 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Анекс бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект Спортска сала с.Јаболчишта во Општина Чашка, бр.09-7406/1 од 8.7.2021 година.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, да го потпише Анексот бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект Спортска сала с.Јаболчишта во Општина Чашка, бр.09-7406/1 од 8.7.2021 година.

3. Се препорачува на Општина Чашка да го потпише Анексот бр.1 кон Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во врска со изведба на проект Спортска сала с.Јаболчишта во Општина Чашка, бр.09-7406/1 од 8.7.2021 година.

4. Се определува Димитар Цеков, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, како контакт лице за овој договор.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за ажурирање на Програмата на зелени градови на Европската Банка за обнова и развој, поддржана од Зелениот климатски фонд, со прилози и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1.Ја усвои Информацијата за ажурирање на Програмата на зелени градови на Европската банка за обнова и развој, поддржана од Зелениот климатски фонд.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, како национален координатор кон Зелениот климатски фонд да го потпише писмото без приговор за ажурираната Програма за зелени градови на Европската банка за обнова и развој.

## Точка 47

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од издавање на писмо без приговор или no objection letter за „Финансиски инструмент за опрема за ладење (ФП177), проект поддржан од Зелениот климатски фонд, со прилози и ги донесе следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Информацијата во врска со потребата од издавање на писмо без приговор или no objection letter за „Финансиски инструмент за опрема за ладење (ФП177), проект поддржан од Зелениот климатски фонд, со прилози.

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, како национален координатор кон Зелениот климатски фонд, да го потпише писмото без приговор или no objection letter за „Финансиски инструмент за опрема за ладење (ФП177), проект поддржан од Зелениот климатски фонд.

## Точка 48

Владата ја разгледа Информацијата за „Изработка на проектна документација и изградба на фотонапонска централа", ја усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во најкраток рок да спроведе постапка за јавна набавка на работи-Изработка на проектна документација и изградба на фотонапонска централа.

## Точка 49

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство, а за повереници Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство.

## Точка 50

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јануари-30 јуни 2023 година, со прилози, ја усвои Информацијата и го

задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги објави прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур (прилог 1,2,3,4,5), кон кои Република Северна Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено, во „Службен весник на Република Северна Македонија" во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Северна Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила".

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2022 година, ја усвои и ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност, Министерството за финансии-Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии-Царинска управа, Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање, најдоцна до 15 декември 2023 година, во Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари (АКстатс), преку определените лица за корисници да ги внесат, односно ажурираат внесените податоци за сите кривични пријави, односно извештаи за случаи на корупција и перење пари, доставени до основните јавни обвинителства во периодот јануари 2022 година-октомври 2023 година, согласно Меморандумот за соработка за користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупција и перење пари.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ГРИН БОКС КУЛТИВАЦИЈА ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги ГРИН БОКС КУЛТИВАЦИЈА ДОО Скопје.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Зоотехника и агроменаџмент" на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Зоотехника и агроменаџмент" на Институтот за сточарство, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Точка 54**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од дополнителни средства за исплата на режиски трошоци на ученичките и студентските домови.

**Точка 55**

Владата ја донесе Одлуката за преземање на основачките права и обврски над Средното општинско училиште „Никола Карев“, Струмица.

**Точка 56**

Владата ја донесе Одлуката за преземање на основачките права и обврски над Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес.

**Точка 57**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (за потребите на ОУ „Браќа Рамиз-Хамид“ ц.о.Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари (за потребите на ООУ „26 Јули“ Шуто Оризари-Скопје).

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зелениково (за потребите на ООУ „Марко Цепенков“-Станица, Зелениково).

**Точка 59**

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Асдрени“, с.Глоѓи, Теарце).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Еќрем Чабеј“, с.Слатино, Теарце).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, с.Нераште-Теарце).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“, с.Теарце-Теарце).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с.Доброште-Теарце).

## Точка 60

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (за потребите на ООУ „Даме Груев“ с.Ерџелија Свети Николе).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Свети Николе).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Свети Николе).

## Точка 61

Владата ги донесе:

1.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Пашко Васа“ с.Групчин-Желино).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Ибрахим Темо“ с.Стримница, Желино).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Луиѓ Гуракуќи“ с.Желино-Желино).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Раметула Амети“ с.Чифлик, Желино).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Фан Ноли“ с.Требош Желино).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Желино (за потребите на ООУ „Хасан Тахсини“ с.Рогле, Желино).

**Точка 62**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Даме Груев“ Куклиш, Струмица).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Никола Вапцаров“, Струмица).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Сандо Масев“ п.о. Струмица).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ с.Вељуса, Струмица).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Маршал Тито“, Струмица).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица (за потребите на ООУ „Маршал Тито“ с.Муртино, Струмица).

**Точка 63**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Виница).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“ Блатец-Виница).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Славчо Стојменски“ Виница).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Никола Парапунов“ с. Драгобраште п.о. Виница).

**Точка 64**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Алија Авдовиќ“ с.Батинци-Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ с.Долно Количани, Студеничани).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Наим Фрашери“ с.Студничани Скопје).

Точка 65

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ с.Иванковци Велес).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Св.Кирил и Методиј“ Велес).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Рајко Жинзифов“ с.Горно Оризари Велес).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Васил Главинов“ Велес).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Лирија“ с.Бузалково Велес).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Панко Брашнаров“ Велес).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Блаже Конески“ Велес).

Точка 66

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Орце Николов“ с.Иљево, Радовиш).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Коста Рацин“ с.Подареш, Радовиш).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Крсте Петков Мисирков“, Радовиш).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Никола Карев“, Радовиш).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“ с.Ораовица, Радовиш).

**Точка 67**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување за дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р Димитар Арсов“-Крива Паланка за спроведување специјалистичко-консултативна здравствена заштита на секундарно ниво од областа на кардиологијата.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за проширување на дејноста на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје-Скопје од областа на дијабетологијата.

**Точка 69**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 13 од Законот за пожарникарството-пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр.168/17), поднесено од градоначалникот на Општина Гевгелија и притоа го утврди следното мислење:

Во Барањето се наведува дека согласно одредбата од членот 13 од Законот за пожарникарството платите на професионалните пожарникари во противпожарните единици е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

Нејасно е дали зголемувањето од 20% претставува додаток на плата или зголемувањето од 20% треба да претставува зголемување на основната плата, односно дали треба да се пресметува според пондерираната вредност на начин што најпрво, да се зголеми основицата на платата за 20% и на така добиена основица да се пресметуваат сите останати додатоци на плата согласно законот и колективните договори.

Пондерираната вредност претставува просек што се зема од бројот на вработени и нивната вредност на плата-бодови на плата. Доколку така се врши пресметка, би произлегло дека во секоја општина пожарникарите би имале различен износ на

зголемување од 20%, кој би зависел од бројот на вработени во општината и висната на нивните плати. Постојат општини со помалку вработени и општини со поголем број вработени, па во тој случај би постоеле огромни разлики во платата на пожарникарите во сите општини на државата ако така се толкува членот 13 во однос на пресметувањето на платата.

Поради наведеното се бара автентично толкување на одредбата содржана во членот 13 од Законот за пожарникарството и тоа дали зголемувањето од 20% претставува додаток на плата или зголемувањето од 20% треба да претставува зголемување на основната плата според пондерирана вредност.

Одредбата од членот 13 од Законот за пожарникарството гласи:

„Поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на платата на професионалните пожарникари во противпожарните единици од членот 5 на овој закон е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација. Противпожарни единици во смисла на членот 5 од Законот се територијалните противпожарни единици што ги формираат Градот Скопје и општините: Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Старо Нагоричане, Струмица, Тетово, Штип, Ресен, Кавадарци, Валандово, Дебар, Берово, Виница, Делчево, Крива Паланка, Кривогаштани, Кратово, Струга, Кичево, Крушево, Македонски Брод, Македонска Каменица, Радовиш, Ранковце, Свети Николе, Пробиштип, Демир Хисар и Неготино, утврдени во ставот 3 од истиот член.“.

Според содржината на одредбата од членот 13 чие автентично толкување се бара, износот на платата на професионалните пожарникари во противпожарните единици, поради видот и природата на работите што ги извршуваат, е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.

Владата на Република Северна Македонија, појаснува дека зголемувањето од 20% претставува додаток на плата и како таков треба да се пресметува.

Врз основа на изнесеното, Владата на Република Македонија смета дека Собранието на Република Северна Македонија не треба да даде автентично толкување на членот 13 од Законот за пожарникарството од причина што одредбата е јасна и недвосмислена.

Воедно, Владата на Република Северна Македонија известува дека во тек се консултации со сите засегнати страни во врска со нов модел за уредување на пожарникарството, во кој ќе се инкорпорира и нов модел на пресметка на плата.

## Точка 70

Владата го разгледа Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2023 година со дополнување на средства и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 106 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), Македонската радио-телевизија донесува Годишна програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи: програма за работа за наредната година со планирани активности, особено за исполнување на програмските обврски на Македонската радио-телевизија согласно овој закон и финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на Македонската радио-телевизија за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Македонската радио-телевизија, како и предвидените капитални инвестиции на Македонската радио-телевизија.

Според став 3 од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за наредната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Македонската радио-телевизија за тековната година, а според став 4 од овој член, финансискиот план од ставот 2 алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието најдоцна до 31 декември во тековната година.

Со предложените измени, Јавното претпријатие предлага промени на приходната страна, при што наместо првично проектираниот износ на приходи од 1.172.500.000 денари се предлага истиот да изнесува 1.487.500.000 денари (зголемување од 26,9%), заради последните измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23).

Во насока на исполнување на обврските од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23), односно измените во членот 105 став 1 и став 2, во измените на Финансискиот план на Македонската радио-телевизија за 2023 година, треба се користи последно донесената завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Претпријатието предлага и промени во расходната страна во насока на нејзино зголемување, при што најголемо зголемување се евидентира кај трошоците за вработени, програмски права и останати трошоци за работење.

Со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, не се планирани средства за оваа намена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.207/23).

Покрај ова, Владата укажува дека во најбрз можен временски рок треба да се реши проблемот меѓу Министерството за финансии и Македонската радиотелевизија поврзан со долгот од кредитот Париски и Лондонски клуб.

Исто така, Македонската радио-телевизија треба да изготви извештај во врска со Договорот за платформата со која се емитува каналот на јавниот сервис надвор од земјата (точен назив на договорот, колку се плаќа за тоа, каде може да се преземе каналот и на кој начин).

**<u>Точка 71</u>**

Владата го разгледа Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за период од мај 2022 година до април 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Во Извештајот за работата на ректорот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, 2022/2023 година, се дадени статистички податоци од академската 2022/2023 година, во кој се прикажува следното:

-Во Конкурсот за запишување на студенти на прв и втор циклус на студии за академската 2022/2023 година, односно за прв циклус се понудени за упис вкупно 1255 места (од кои 850 во државна квота, 240 во квотата за кофинансирање на студентите и 165 за вонредни студенти) на 23 студиски програми, за втор циклус 415 места за упис на студенти на 25 студиски програми, од кои една заедничка студиска програма со Универзитетот во Сасари во Италија;

-Вработувања, унапредувања на академскиот кадар, капиталните инвестиции, точниот број на вработени во Универзитетот (администрација и академски наставен кадар), вкупниот износ на средства за исплата на плати, како и други исплати од сметките 603-Буџетска сметка, 631-Сметка за кирии и закупнини, 785-Донаторска сметка и 788-Сметка од сопствени приходи;

-Конечен број на запишани студенти само за 2022/2023 година, на прв и втор циклус на студии;

-Од Универзитетскиот сенат предложени се проекти за измени и дополнувања на 11 студиски програми од прв циклус на студии и на девет студиски програми од втор циклус на студии. Исто така, предложени се и проекти за воведување на 10 нови студиски програми од прв циклус и пет нови студиски програми од втор циклус на студии.

-Комплетна анализа на работата на ректорот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје;

-Извршена последователна самоевалуација за управување, настава и учење, истражување, обезбедување квалитет, соработка универзитет-надворешно опкружување, интернационализација, како најзначајни приоритети на Универзитетот. Покрај проверката на интегративните универзитетски процеси, посебно е скенирана работата за вреднување на наставно-образовниот процес од страна на студентите, преку реализација на анкета во мај 2022 година;

-Учество во меѓународни асоцијации и мрежи поврзани со високото образование н следење на конференции, форуми, средби, настани со меѓународен предзнак;
-Учеството на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во европските програми за соработка, Еразмус+ и потпишани меморандуми за соработка со домашни и меѓународни институции;

-Унапредување и воспоставување на нови соработки со деловната заедница во рамки на Центарот за кариера, во јануари 2023 година е формиран Алумни клубот.

-Во однос на примената на информатичките технологии Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје има подготвено Стратегија за дигитализација. Универзитетот исто така во насока на подобрувањето на наставата и учењето е вклучен во проект за победа Еразмус со 10 меѓународни партнери. Во последователните години се планира дигитализација на сите студентски и административни служби.

Согласно претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Извештајот на ректорот за работата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, за период од мај 2022 година до април 2023 година, освен укажувањето на потребата за подготовка и усвојување на Извештајот за реализација на издавачка дејност на Универзитетот ,.Мајка Тереза“ во Скопје и Предлог-годишен план за издавање на учебници, учебни помагала, монографии и други изданија.

<u>**Точка 72**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Зоран Димовски од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.155/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став (1) во делот „кој не може да биде пократок од 25 години“ од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22) и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите на подносителот на Иницијативата, одредбите од членот 31 став (1) во делот „кој не може да биде пократок од 25 години“ не е во согласност со член 8

став 1 алинеја 3, член 9 став 2 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, како и членовите 5, 6 и 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Исто така, во Иницијативата посочува дека делот од член 31 став (1) „кој не може да биде пократок од 25 години“ е спротивен на членот 29 став (6) од истиот закон, заради што за лицата кои треба да остварат право на пензија важат поповолни услови отколку за лицата кои оствариле право на пензија од денот на формирање на Армијата до денот на влегување во сила на истоимениот закон, од кои причини оспорениот дел од членот 31 став (1) е дискриминирачки во однос на нив.

Се истакнува дека заради исполнување на условот за остварување на право на пензија од минимум 25 години пензиски стаж во Министерството за одбрана за лицата кои се пензионирани до денот на влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22) не може да се примени членот 29 став (10) за пресметка на висината на пензијата кој е поповолен и се применува за лицата кои остаруваат право на пензија по член 29 став (6) од истиот закон.

Во постапката за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22), заради создавање на деловнички услови за разгледување и утврдување од страна на Владата, Министерството за финансии и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се имаат произнесено со свои мислења по однос на Законот.

Според член 31 став (1): „На активниот воен и цивилен персонал кој не остварил право на пензија, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20), а кој правото на пензија го стекнал од денот на формирањето на Армијата до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе им се изврши нова пресметка на износот на пензија од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, согласно член 29 од овој закон со кој се менува членот 218-а став (10) во зависност од исполнетиот пензиски стаж во Министерството за одбрана, кој не може да биде пократок од 25 години, така што пензиската основица ќе се намали за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години.“.

Според член 29 став (6): „По исклучок од став (1) и (2) на овој член, кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно актот за систематизација на работните места на Министерството за одбрана кое предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско место, односно работното место, при што во рок од 60 дена нема можност активниот воен и цивилен персонал да биде поставен на друго формациско, односно работно место, на истиот му престанува работниот однос со остварување на право на пензија со навршени

најмалку 25 години пензиски стаж, од кои најмалку 15 години пензиски стаж остварен во служба во Армијата.“.

Според член 29 став (10): „Пензијата согласно став (1), (2) и (6) на овој член, е во висина од 80% од просечната нето-плата, што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните десет години од пензискиот стаж.“.

Статусот, правата, обврските, должностите, одговорностите како и други прашања во врска вршењето на службата во Армијата е уреден со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, а во член 2 и 3 од Законот е уредено што се смета под вршење на служба во Армијата и која категорија на лица ја врши истата. Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија е lex specialis кој се однесува на посебни правни прописи кои на попрецизен начин уредуваат исти односи и примена на право како општите правни прописи lex generalis. Во случај на спротивност на посебниот со општиот пропис, посебниот пропис има предност на примена во однос на општиот, затоа што неговото поле на примена е потесно поставено, односно во случајот се применува само на лицата кои извршуваат служба во Армијата, во однос на прописите кои се lex generalis и на општ начин ги уредуваат истите прашања.

Владата на Република Северна Македонија цени дека оспорувањето на делот „кој не може да биде пократок од 25 години“ во член 31 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22), е беспредметно, од причина што одредбата е од времен карактер и правото на користење на ново пресметаниот износ на пензијата, активниот воен и цивилен персонал и корисниците на семејна пензија го оствариле од првиот ден на наредниот месец од денот на поднесување на барањето за остварување на правото на пензија до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, а во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.171/22). Законот е влезен во сила на 6.8.2022 година, од што произлегува дека рокот за доставување на барањето за остварување на правото на пензија за лицата кои остариле право на пензија, од денот на формирање на Армијата до денот на влегување во сила на истомениот закон, е истечен во месец октомври 2022 година.

Оспорениот дел „кој не може да биде пократок од 25 години“ не е дискриминирачки, од причина што се однесува на одредена група на лица-поранешен активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кој веќе го остварил правото на пензија под услови дадени во Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија во времето на оставрување на ова право, а од денот на формирање на Армијата до денот на влегување во сила на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22) и за сите овие поранешни

припадници на Армијата важел истиот оспоруван дел од одредбата за извршување на нова пресметка на пензијата, до октомври 2022 година.

Во ниту еден случај не може да се прави споредба со условите за остварување на право на пензија со активниот воен и цивилен персонал од членот 29 став (6) од истиот закон, од причина што овде се работи за активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, на кој по исклучок, односно кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата и актот за систематизација на работните места на Министерството за одбрана, што предизвикува укинување на единица, команда, штаб или укинување на формациско и работното место, а притоа во рок од 60 дена нема можност да бидат поставени на друго формациско и работно место, затоа што овде се уредуваат услови за остварување на пензија по исклучок од условите дадени во став (1) и (2) од истиот член и на активен воен и цивилен персонал кој е на служба во Армијата се применува Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, како lex specialis.

Како поткрепа на овие наводи, Владата упатува на член 174 став 4 од Законот за внатрешни работи, во кој на идентичен начин се пропишува пресметката на износот на пензијата од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, а условот за остварување на ова право е со многу повеќе години оставрен пензиски стаж во Министерството, кој не може да биде пократок од 35 години за жени и 37 години за мажи.

Истот така, се напоменува дека пензискиот стаж остварен во цивилна служба во никој случај не може да се спореди со пензискиот стаж остварен во Армијата, од причина што извршување на должности во Армијата значи изложување на висок ризик и опасност по живот и здравје кои не може да се отстранат со спроведување на мерки за безбедност, како и други специфични потешки услови за работа и вонредни ситуации предизвикани од потребите на борбената готовност на Армијата.

Со цел за остварување на правото на пензија на оваа категорија на осигуреници, односно за активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија постапи согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 171/22) во кој се предвидени посебни услови за пензионирање.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија цени дека подносителот на Иницијативата неправдано ја поднел истата, без претходно да го земе предвид начинот на функционирање и специфичностите на Армијата, работните места во Армијата, по што Армијата се издојува од другите институции.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува дека оспорениот дел од член 31 став (1) во делот „кој не може да биде

пократок од 25 години" од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 171/22), е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став (1) во делот „кој не може да биде пократок од 25 години" од Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.171/22).

## Точка 73

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.174/23, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.87/13) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја преоцени уставноста на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.87/13) од 17 јуни 2013 година, со кој во членот 17 ставот 1 се менува и гласи: „Земјоделското земјиште во државна сопственост може да биде предмет на продажба под услови и на начин утврдени со закон".

Наведената одредба од Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделското земјиште, претставува усогласување на Законот за земјоделското земјиште со Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.87/13) од 17 јуни 2013 година.

Истовремено, преку Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доставено е Решение У.бр.88/2023 од 13.9.2023 година, со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.87/13, 106/13, 137/13, 61/15, 97/15, 215/15, 53/16 и 51/18), иницирана од истиот подносител, Игорче Точев од Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој закон.

## Точка 74

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3134 за КО Глуво Бразда, на КП бр.3300, викано место/улица „Кременјача“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 75

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1458 за КО Велгошти, на КП бр.1453/2, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 76

Владата ја разгледа Понудата од нотар Богданка Бакаловска од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 7615, за КО Ресен, на КП бр.5312 и КП бр.5313, викано место/улица „Х. Герасовски“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 77

Владата ја одложи од разгледување Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.602, за КО Миравци на КП бр.6342, за наредната седница на Владата, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по Понудата.

## Точка 78

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ленче Т. Каранфиловска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 15965, за КО Штип 4, на КП бр.10396, дел 2 и дел 3, викано место/улица „Каваклиски Рид“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 79

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.486, за КО Визбегово на КП бр.907/1, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 80

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.103638, за КО Бутел на КП бр.3932 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 81

По однос на оваа точка немаше предлози.

## Точка 82

**1.** Владата го разгледа Барањето од Државниот архив на Република Северна Македонија за финансиска поддршка за организација на 31 Конвенција на ИКАРУС, во Скопје и Охрид, во период од 8 до 10 ноември 2023 година на тема „Заедничко архивско наследство-Заштита, достапност и дигитализација, делумно го прифати и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за кетеринг на 8 ноември 2023 година, во некој од ресторантите во Скопје, за 70 луѓе, во износ од 100.000,00 денари (да ја исплати доставената фактура).

**2.** Владата ги задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за култура, Министерството за финансии, Министерството за економија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, детално да ги проверат барањата на НУ Албански театар-Скопје и НУ Драмски театар-Скопје за обезбедување на финансиски средства за учество на регионален театарски фестивал, кои ќе се одржат до крајот на 2023 година и согласно добиените сознанија од проверката да ги утврдат и обезбедат потребните финансиски средства за истите.

**3.** Владата на предлог на Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, го задолжи Министерството за надворешни работи, согласно Барањето на УНДП, а во врска со Придонесот на Владата за трошоците за локална канцеларија, до крајот на годината да го исплати потребниот износ кон УНДП.

**4.**Владата по повод учеството на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на Меѓународниот саем на вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“, во Белград, Република Србија, предвиден да се одржи на 16 и 17 ноември 2023 година, а на кој под покровителство на Владата на Република Северна Македонија, ќе се одржи и настан „Македонска вечер“, ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да подготви информација за бројката на претставниците на медиумите кои ќе патуваат во Белград, Република Србија.

2) Се задолжуваат сите министерства/институции кои ќе учествуваат на Меѓународниот саем на вино, храна и туризам „Винска визија на Отворен Балкан“ и на настанот „Македонска вечер“ во Белград, Србија, да платат подеднаков дел од вкупните трошоци за хотелско сместување и превоз на претставниците на медиумите кои ќе се акредитираат преку системот за акредитирање на прес-службата на Владата на Република Северна Македонија и ќе имаат можност да го проследат и да известуваат од Меѓународниот саем „Винска визија на Отворен Балкан“ и од настанот „Македонска вечер“.

3) Се задолжуваат сите министерства/институции вклучени во организација на настанот „Македонска вечер“, меѓусебно и подеднакво да ги поделат трошоците за организирање на настанот.

**5.** Владата формира работна група составена од Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и м-р Зоран Трифуновски, директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, за анализирање на можностите за проектирање, изградба и финансирање на железничката пруга Коридор 8.

**6.**Владата го разгледа Предлогот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во врска со одбележување на Денови на албанската азбука во период од 14 ноември 2023 година до 22 ноември 2023 година и ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да ги покрие трошоците на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците-Скопје и Националната установа „Ансамбл на албански народни ора и песни во Република Северна Македонија“-Скопје, во врска со:

-опрема за озвучување и технички лица за управување со истата,
-опрема за осветлување и технички лица за управување со истата,
-опрема за видео запис и директен пренос (live streaming) и технички лица за управување со истата,
-ЛЕД ѕид и технички лица за управување со истиот,
-транспорт,
-кетеринг услуги,
-изработка на сценографија,

-декоративни елементи,
-цветни аранжмани,
-печатени материјали (тетратки, пенкала, покани, флаери, програми, идентификациски картички и др.),
-банери (церади со механизам),
-промоција на социјални мрежи, национални и локални ТВ станици,
-изнајмување на сала за одржување настани,
-ангажирање режисер,
-ангажирање сценограф,
-ангажирање уметници (музички изведувачи),
-ангажирање хостеси,
-ангажирање водители, за успешна реализација на Денови на албанската азбука.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди ручек во Клуб на органите на државната управа.

**7.** Владата, по повод одбележувањето на празникот 13 Ноември-Ден на ослободување на Скопје, ги донесе следните заклучоци:
1) Владина делегација во состав:

-Ристо Пенов-министер за локална самоуправа;
-Викторија Аврамовска Мадиќ-заменик на министерот за правда;
-д-р Јетон Шаќири-министер за образование и наука,
ќе присуствува на положување на цвеќе согласно следната агенда:

-положување цвеќе на Партизански гробишта во Бутел;
-положување цвеќе на Алејата на заслужните граѓани во Бутел;
-положување цвеќе на споменикот на Ослободители на Скопје, плато пред Владата на Република Северна Македонија.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди венци за владината делегација.

3) Се задолжува Одделението за протокол при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди покани до сите членови на владината делегација и да го организира протоколарното положување цвеќе на сите локации.

4) Се задолжува Секторот за односи со јавност при Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да организира медиумско покривање на настанот.

**8.** По повод укажувањето на д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу

заедниците а во врска со донесеното Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки за враќање на повторно постапување и одлучување на доворниот орган бр. 11-636/5 од 13 јули 2023 година, Владата заклучи Комисијата за спроведување на постапки за доделување концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони да постапи по истото.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на проектот „Подобрување на капацитетите за Натура 2000 и ЦИТЕС", како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје за период од 1.1.2023 до 31.3.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 86**

Владата го разгледа Тримесечениот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д.-Скопје, за период од 1 април 2023 година до 30 јуни 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.3.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 1.1.2023 до 30.6.2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за усогласениот текст на Меморандум за соработка за воспоставување на железничка мрежа со високи перформанси меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија, го прифати Извештајот (усогласен текст со Секретаријатот за законодавство) и го овласти Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише Меморандумот за соработка за воспоставување на железничка мрежа со високи перформанси меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија и Министерството за градежништво, сообраќај и инфраструктура на Република Србија.

**Точка 90**

Владата го разгледа Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 6 ноември 2023 година, со Записникот од Деветтата седница на Групата за процена, одржана на 3 ноември 2023 година и предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Шестата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 6 ноември 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка на затворската полиција во КПУ КПД Идризово.

5. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

6. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата на Република Северна Македонија заклучи да му

предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во поддршка на полицијата за справувањето со кризната состојба.

7. Го разгледа Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и го утврди со заклучок текстот на Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

8. Периодот за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, е до 30 септември 2024 година.

9. За операционализација на Предлогот на одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

10. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори во врска со ангажирање на меѓународни правни застапници по повод поведени арбитражни постапки против Република Северна Македонија пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови ICSID Case No. ARB/23/31 и ICSID Case No. ARB/23/35, како и за арбитражната постапка No. 27755/HBH покрената против Министерството за здравство од страна на АД Бетон Скопје, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот во врска со избор на меѓународни адвокатски куќи и тоа:

-во арбитражната постапка по предметот FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) како правен застапник да се ангажира адвокатската куќа Three Crowns;

-во арбитражната постапка по предметот Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/35) како правен застапник да се ангажира адвокатската куќа Three Crowns;

-во арбитражната постапка по предметот Company for Construction BETON Joint Stock Company vs/ Ministry of Health of the Republic of North Macedonia No.27755/HBH како правен застапник да се ангажира адвокатската куќа White & Case LLP;

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во рок од три дена да ги информира адвокатските куќи дека се избрани за правни застапници во наведените арбитражни постапки.

3. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише правните исправи со кои се овластува адвокатската куќа Three Crowns да ја застапува Република Северна Македонија во арбитражна постапка по предметот FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/31) и за тоа во рок од 14 дена да ја информира Владата.

4. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише правните исправи со кои се овластува адвокатската куќа Three Crowns да ја застапува Република Северна Македонија во арбитражна постапка по предметот

Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v. Republic of North Macedonia (ICSID Case No. ARB/23/35) и за тоа во рок од 14 дена да ја информира Владата.

5. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции во име на Владата на Република Северна Македонија да ги потпише правните исправи со кои се овластува адвокатската куќа White & Case LLP да го застапува Министерството за здравство на Република Северна Македонија во арбитражна постапка по предметот BETON Joint Stock Company vs/ Ministry of Health of the Republic of North Macedonia No.27755/HBH и за тоа во рок од 14 дена да ја информира Владата.

## Точка 92

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки, произлезени од меѓународни договори во врска со преземени процесни дејствија и промена на арбитерот од страната на тужениот во арбитражната постапка по предметот Inso Sistemi Per Le Infrastrutture sociali S.P.A in Amministrazione Straordinaria (Italy) vs Ministry of Health of the Republic of North Macedonia ICC Case Number 27417/HBH, како материјал за информирање.

## Точка 93

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од доставување на Писмо за развојни политики до Светска банка , со усогласен текст на Писмо за развојни политики и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Писмото за развојни политики до Светска банка.

2. Се определува д-р Фатмир Бесими, министер за финансии во име на Владата на Република Северна Македонија, во рок од три дена да го потпише Писмото за развојни политики и истото да го достави до Светска банка.

## Точка 94

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на Проектот за заеднички железнички граничен премин-Табановце, по скратена постапка, го утврди и согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Филип Николоски, заменик на министерот за

финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, м-р Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

Точка 95

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот од Предлогот на закон, да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за финансирање на зелени и општествено одговорни инвестиции, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

Точка 96

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори за потпишување на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот нов текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан.

2. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Република Азербејџан.

## Точка 97

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Решение за формирање на Комисија за подготвување, организирање и спроведување на постапка за избор на универзален снабдувач, со Предлог-решение и согласно расправата на седницата на Владата ја усвои Информацијата со следните заклучоци: 1. Го донесе Решението за формирање на Комисија за подготвување, организирање и спроведување на постапка за избор на универзален снабдувач. 2. Се задолжува Комисијата за подготвување, организирање и спроведување на постапка за избор на универзален снабдувач да ги достави Јавниот повик и Тендерската документација до Владата на одобрување, најдоцна до 5 декември 2023 година. 3. Се задолжува Министерството за економија да исплати паричен надоместок на активните членови и активните заменици членови на Комисијата за подготвување, организирање и спроведување на постапка за избор на универзален снабдувач во износ од по две просечни плати во Република Северна Македонија, по доставување на извештај за завршена постапка за избор на универзален снабдувач до Владата.

## Точка 98

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на седница на Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажана за 13 ноември 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Заклучоците од оваа информација да се доставaт до овластеното лице Милан Живковиќ, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 13 ноември 2023 година.

2. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија го известува друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

3. Го одобри начинот на гласање на Собранието од страна на својот преставник, по наведените точки од Дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:
Процедурален дел

1. Избор на работни тела на Собранието
  а) Верификациона комисија од 3 члена
-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

б) 1 бројач на гласови.
-По оваа точка од Друштвото е доставена Предлог-одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

2. Избор на претседавач на Собрание на акционери
-По оваа точка е доставена Предлог-одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка да се гласа „ЗА“.

Работен дел:

1. Отповикување од должноста извршен член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп на лицето Ристе Ташев, во прилог:

-Предлог-одлука за отповикување на член на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп-Ристе Ташев/да се гласа „ЗА“.

2. Избор на член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп, во прилог:

-Предлог-одлука за избор на член на Одборот на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп-Горан Тодоров, но не се доставени докази за исполнетост на законските услови /доколку се исполнети условите од Законот за трговските друштва, да се гласа „ЗА“.

**<u>Точка 99</u>**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2023 година.

**<u>Точка 100</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за усвојување на текстот на Техничкиот аранжман меѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана на Италијанската Република за воздушно патролирање Air Policing во SKOPJE FIR-воздухопловен информативен регион Скопје, со усогласен текст на Технички аранжман и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Техничкиот аранжман меѓу министерството за одбрана на Република Северна Македонија и министерството за одбрана на Италијанската Република за воздушно патролирање Air Policing во SKOPJE FIR-воздухопловен информативен регион Скопје.

2. Се овластува Славјанка Петровска, министер за одбрана да го потпише Техничкиот аранжман меѓу Министерството за одбрана на Република Северна

Македонија и Министерството за одбрана на Италијанската Република за воздушно патролирање во SKOPJE FIR-воздухопловен информативен регион Скопје.

## Точка 101

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување дополнителни средства за ко-финасирање на ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во рамки на буџетот за 2024 и 2025 година, да ги предвиди дополнителните средства за национално ко-финансирање за ИПА проектот „Воспоставување на интегриран и самоодржлив регионален систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот Регион“, но не повеќе од 40% од првично проектираниот буџет на Проектот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање веднаш да достави известување до Секторот за централно финансирање и склучување на договори при Министерството за финансии за измена на Планот за јавни набавки во однос на проценетата вредност на договорот.

## Точка 102

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| м-р Методија Димовски | д-р Димитар Ковачевски |